# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Општина Демир Хисар

Бр. 04-836/3

02.09.2024

Демир Хисар

Општина Демир Хисар

"Битолска" бб

7240 Демир Хисар

opstinademirhisar@yahoo.com

www.demirhisar.gov.mk

Врз основа на член 48 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15,154/15, 5/16,142/16, 11/2018, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20, 215/21, и 99/22), како и член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодување и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/2015 и 35/2018), Општина Демир Хисар објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 01/2024**

**За пополнување на работно место со унапредување**

**1. Советник за управно правни работи од областа на урбанизмот со шифра УПР 01 01 В01 000, на ниво В1, во Секторот за урбанизам, заштита на животната средина, јавни комунални дејности и локален економски развој, Одделение за урбанизам, заштита на животната средина и комунални дејности -1 (еден) извршител.**

**А) Посебни услови:**

**-Стручни квалификации:** ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Научно-истражувачко подрачје: Општествени науки

Научно - истражувачко поле: Право

**-Работно искуство:** најмалку три години работно искуство во струката

**-Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**

-решавање проблеми и одлучување на работи од својот делокруг,

-учење и развој,

-комуникација,

-остварување резултати,

-работење со други / тимска работа,

-стратешка свест,

-ориентираност кон странки/засегнати страни и

-финансиско управување.

**-Потребни посебни работни компетенции:**

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

**Б) Општи услови:**

-да е државјанин на Република Македонија,

-активно да го користи македонскиот јазик,

-да е полнолетен,

-да има општа здравствена способност за работното место,

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Работно време:** од понеделник до петок од 08.00 до 16.00 часот.

**Нето месечна плата: 37.233,оо** денари

На интерниот оглас може да се јават административни службеници вработени во Општина Демир Хисар кои ги исполнуваат горенаведените општи и посебни услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво во Законот за административни службеници и актот за систематизација, како и:
-да се оценети со оцена А или Б при последното оценување,

-да се на работно место на непосредно пониско ниво од работно место за кое е објавен интерен оглас или да се на работно место во иста категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,

-да поминале најмалку две години на тековното работно место и

-да не им е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебни услови, можат да ги достават и следните докази:
-Потврди за успешно реализирани обуки и/или
-Потврди за успешно реализирано менторство.

Исто така треба да се приложи и оцената за оценување на административен службеник за последното оценувања (доколку ја нема во персоналното досие).

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови (доколку истите ги немаат претходно доставено во персоналното досие), преку архивата на Општина Демир Хисар, на улица "Битолска" бб Демир Хисар, како и до службената електронска адреса opstinademirhisar@yahoo.com со назнака за интерен оглас.

Рокот за поднесување на пријавите изнесува 5 дена од денот на објавување на огласот.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде разгледувана.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за спроведување на селекција за унапредување формирана од Општина Демир Хисар. Кандидатите ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја следна фаза од постапката за унапредување и тоа: административна селекција и интервју.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка.

**Општина Демир Хисар**

**Градоначалник**

**Никола Најдовски**

---------------------------------------------

До

Општина Демир Хисар

**ПРИЈАВА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ**

Интерен оглас бр. 01/2024

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Тековно работно место | |
| Звање и шифра | |
| Датум на распоредување на ова работно место | |
| Степен и вид на образование | |
| Работно искуство | |
| Оцени при последните три оценувања | |
| Дисциплинска мерка изречена една година пред објавување на интерниот оглас | |
| Работно место за кое се аплицира | |
| Назив и шифра | |
| Документите со кои потврдувам дека ги исполнувам општите и посебните услови, како и оценката од последното оценување се наоѓаат во моето персонално досие | |
| Дополнително ги доставувам следниве докази | |

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорностдека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци ќе се дисквалификува во натамошната постапка.

**Административен службеник**

**Име и презиме**

-----------------------------------------